# СООПШТЕНИЕ

## За Државна матура и Завршен испит за четиригодишно образование

ДРЖАВНА МАТУРА

Се известуваат сите редовни и вонредни ученици од четврта година дека од 1.12.2023 започнува пријавувањето на државна матура.

Државната матура се состои од испит по 4 предмети 2 екстерни и 2 интерни, како и проектната задача. Кандидатите кои се заинтересирани за пријавување на матурата, најпрво треба да одберат проектна задача во соработка со професор-ментор, **најдоцна до 30.11.2023**, а потоа да предадат комплетно пополнета пријава кај класните раководители и референтот за вонредни испити.

**Рокот за пријавување на државна матура е од 1.12.2023 до 25.12.2023.**

Матурата се полага во два рока: **јунски** (проектната задача е во март, април), а вториот рок за полагање на Државна матура е во **август**, но пријавувањето е само за тие што паднале на некој испит во јуни и се врши по објавувањето на резултатите во **јули**.

**Уплатата** за вонредните ученици за пријавување на **државна матура**, и **завршен испит** изнесува 1800 денари (на жиро сметката за испити) и 50 денари таксена марка (на уплатницата за таксена марка).

Полагањето на **државна матура** е неопходно за оние ученици кои своето образование сакаат да го продолжат на факултет. За повеќе информации консултирајте го сајтот www.matura.gov.mk или

обратете се на факултетите за кои сте заинтересирани.

## ЗАВРШЕН ИСПИТ
## за четиригодишно образование

**Завршниот испит** се состои од испит по 3 предмети, македонски јазик, изборен стручен предмет и проектна задача. Кандидатите кои се заинтересирани за пријавување **завршен испит** треба да одберат **проектна задача** во соработка со професор-ментор, **најдоцна до 30.11.2023**, а потоа да предадат комплетно пополнета пријава, која ќе може да ја најдат кај класните и референтот за вонредни испити.

Завршниот испит може да се полага во два испитни рока јунски и августовски.

Пријавувањето **за Завршен испит за јунски испитен рок,** започнува од 1.12.2023 до 25.12.2023 а вонредните ученици што се запишале подоцна, може да се пријавуваат до 1.3.2024.

**Пријавувањето** за вториот рок е во мај и трае до 1.6. 2024.

**Уплатата** за вонредните ученици за пријавување на **завршен испит** изнесува 1800 денари (на жиро сметката за испити) и 50 денари таксена марка (на уплатницата за таксена марка).

Учениците изработената **проектна задача** треба да ја предадат најдоцна до март, а ќе ја бранат/ полагаат на крајот на март и почетокот на април, по претходно објавен распоред. Проектната задача се брани, независно дали учениците (вонредни) имаат уште предмети за полагање, а останатите предмети

од завршниот испит се полагаат во јуни само ако ученикот ги положил сите предмети од IV година.

## Завршен испит за тригодишно образование

За полагање на завршен испит има три испитни рока (јунски, августовски и јануарски), а испитот се состои од 2 предмети - македонски јазик и практична настава. **Уплатата** за вонредните ученици за пријавување на **завршен испит** за тригодишно образование изнесува 2000 денари (на жиро сметката за испити) и 50 денари таксена марка (на уплатницата за таксена марка).